Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-533/3
Датум: 25-10-2024

По претставката бр. 08 – 533/1 од 23.7.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
## За отфрлање на претставката поради неуредност

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 533/1 од 23.07.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На ден 23.7.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност, од страна на [redacted] против [redacted].

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот (име и презиме и адреса), податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), **околностите и фактите врз кои се темели претставката**, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше опис на фактичката состојба, односно текстуална содржина во однос на дејствијата на дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 16.8.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителката на адресата наведена во претставката.

Видно од поштенската повратница која беше вратена со назнака „непознат“, обидот за достава на Барањето за доуредување на претставката на адресата наведена во претставката беше неуспешен.

**Врз основа на ова, Комисијата заклучи дека претставката не ги содржи основните елементи за постапување предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и дека не постојат услови истата да биде доуредена.**

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 533/1 од 23.7.2024 година поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател
Лимко Бејзароски



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk